## 18. Дали виде кој замина

(Мала Црцорија, Кривопаланечко)




кој замина онде горе,
онде горе, по друмове?
- Видов, видов, како не сум,
заминаја три синџира,
три синџира младо робје:
Први синџир што помина,
све момчиња армасани,
армасани невенчани,
други синџир што помина
све момчиња нежењени,
треќи синџир што помина
све невести со дечиња!
Све ми мирно заминаја,
само едно лудо младо,
оно мирно не замина,
само гледа горе-доле,
тики вика: - Ајде, Маро,
ајде, Маро, да бегаме!
Ако неќеш да бегаме,
барем ајде да легаме!
- Та што рече, што му кажа?
- Ја му реков, ја му кажав,
за бегање Господ знае,
за легање мож' да биде!

АИФ м.л. 3186, село Добровница, Кривопаланечко; пеат Љубица Димитрова (род. 1938) и Роска Деановска (род. 1927) од с. Мала Црцорија, Кривопаланечко; снимила, мелографирала и дешифрирала Верица Станковиќ (1986); се пее наутро.